НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 26 став 4 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 14 од Одлуката за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/11), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување и дополнување на Упатството**
**за начинот за вршење на платниот промет со странство**
**(„Службен весник на Република Северна Макеоднија" бр. 7/21)**

1. Во Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 141/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 41/19 и 38/20), во точката 2 став 1, се додава нова алинеја 6, којашто гласи:

„- **долгорочна производна соработка** – долгорочна производна соработка на домашно и странско трговско друштво/а (договорни страни), во заедничко планирање, развој и производство на производи во сите фази од производството, како и меѓусебна размена и испорака на репроматеријали, полупроизводи, делови и готови производи од ист вид, заради специјализација на производството".

2. Во точката 41, се додава нов став 3, којшто гласи:

„За плаќање кон нерезидент, коешто произлегува од склучен договор за долгорочна производна соработка, налогодавачот резидент ѝ поднесува на банката уредно пополнет налог за плаќање и склучен договор за долгорочна производна соработка.

Ставот 3 станува став 4.

3. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**У бр. 02-129/1**
**4 јануари 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**